1. Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер бр. [redacted], [redacted] би сакал да добие информација во врска со статусот на процесот околу Правилник доставен на усогласување во Секретаријатот за законодавство, а се работи за Правилник за посебните барања за безбедност на храната за посебна група на потрошувачи – почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња, за составот и начинот на означувањето, дополнителните задолжителни информации поврзани со особеностите на храната за почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња, количеството, формата и видот на додадени витамини, минерали и други супстанции во почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња, како и за начинот и барањата за означување, рекламирање и презентирање (1) доставен на усогласување во Секретаријатот за законодавство.

Станува збор за усогласување со европските Регулативи околу храна за доенчиња и формула за истите, а за да може да продолжи увозот и непречено дистрибуирање на храната за бебиња до сите болници неопходно е да добиеме информација дали е влезен Правилникот во процедура и кога би се очекувало усвојување и стапување на сила.

- Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено по меил, на ден 02.04.2025 година, од [redacted], со кое е побарана информација од јавен карактер во врска со статусот на процесот околу правилник доставен на усогласување во Секретаријатот за законодавство, а се работи за Правилник за посебните барања за безбедност на храната за посебна група на потрошувачи – почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња, за составот и начинот на означувањето, дополнителните задолжителни информации поврзани со особеностите на храната за почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња, количеството, формата и видот на додадени витамини, минерали и други супстанции во почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња, како и за начинот и барањата за означување, рекламирање и презентирање доставен на усогласување во Секретаријатот за законодавство, односно станува збор за усогласување со европските Регулативи околу храна за доенчиња и формула за истите, а за да може да продолжи увозот и непречено дистрибуирање на храната за бебиња до сите болници неопходно е да се добие информација дали е влезен Правилникот во процедура и кога би се очекувало усвојување и стапување на сила на истиот, Ве известуваме на следното:

По однос на Правилникот за посебните барања за состав и информации за почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња и за барањата за информации за хранење на доенчиња и мали деца, Секретаријатот за законодавство има дадено мислење со писмо [redacted]

По однос на Правилникот за посебните барања за безбедност на храната за посебни групи на потрошувачи, составот и начинот на означувањето, дополнителните

задолжителни информации поврзани со особеностите на храната за посебни групи на потрошувачи, количеството, формата и видот на додадени витамини, минерали и други супстанци во храната, како и начинот и барањата за нивно означување, рекламирање и презентирање, Секретаријатот за законодавство има дадено мислење [redacted].

Воедно, укажуваме дека со оглед на тоа што предметниот правилник треба да се донесе во соработка со Министерството за здравство и истото треба позитивно да се произнесе по текстот на истиот, мислење од Министерството за здравство до Секретаријатот за законодавство не е доставено.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Ве известуваме дека од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство беше укажано дека најпрво треба да се изврши усогласување на Правилникот за посебните барања за состав и информации за почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња и за барањата за информации за хранење на доенчиња и мали деца, по што би можело да се пристапи кон усогласување на Правилникот за посебните барања за безбедност на храната за посебни групи на потрошувачи, составот и начинот на означувањето, дополнителните задолжителни информации поврзани со особеностите на храната за посебни групи на потрошувачи, количеството, формата и видот на додадени витамини, минерали и други супстанци во храната, како и начинот и барањата за нивно означување, рекламирање и презентирање.

Имајќи го во предвид претходно наведеното, Ве известуваме дека од страна на Секретаријатот за законодавство се направени неколкукратни писмени и усни обиди да се заврши процесот на усогласување и да се објават предметните правилници и закажана е средба со цел завршување на процесот.